# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**О Д Л У К А**
за изменување и дополнување на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје ............................................. 2

**О Д Л У К А**
за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје .......................... 4

**О Д Л У К А**
за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје ................................................ 15

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010) и член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 22.11.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје (Универзитетски гласник бр. 596/2022 и бр. 622/2022).

**Член 2**

Членот 19 се менува и гласи:

„Основната компонента на плата за работни задачи утврдени со член 11 од оваа одлука, изразена во бодови, по работни места/звања, за наставниот кадар се утврдува во следниов износ:

| Реден бр. | Звање | Основна плата/бодови |
|---|---|---|
| 1 | редовен професор | 1890 |
| 2 | вонреден професор | 1715 |
| 3 | доцент | 1545 |
| 4 | асистент докторанд | 1160 |
| 5 | асистент | 1160 |
| 6 | стручен соработник – виш лаборант | 1075 |
| 7 | стручен соработник – лаборант | 750 |
| 8 | стручен соработник-систем – инженер | 1125 |
| 9 | стручен соработник – систем-администратор | 1075 |
| 10 | стручен соработник – инженер за апликации | 1075 |
| 11 | лаборант – информатичар оператор | 750“ |

**Член 3**

Членот 20 се менува и гласи:

„Основната плата за нормираниот обем на работни задачи изразена во бодови, по работни места, на ненаставниот и помошно-техничкиот кадар, распределен во Стручната и административна служба, се утврдува во следниов износ:

| Реден бр. | Работно место | Основна плата/бодови |
|---|---|---|
| 1 | секретар на Факултетот | 1545 |
| 2 | раководител на Одделението за правни и општи работи | 1160 |
| 3 | раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење | 1160 |
| 4 | раководител на Одделението за студентски прашања | 1160 |
| 5 | раководител на Одделението за библиотечно работење – Библиотека | 1160 |
| 6 | советник за општи и нормативно-правни работи | 990 |
| 7 | советник за човечки ресурси | 990 |
| 8 | советник за деловно работење | 990 |
| 9 | советник за финансиско, сметководствено и материјално работење | 990 |
| 10 | советник за јавни набавки | 990 |
| 11 | советник за студентски прашања | 990 |
| 12 | советник за магистерски и докторски студии | 990 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | советник за ЕКТС и Iknow-систем | 990 |
| 14 | советник за меѓународна соработка | 990 |
| 15 | виш соработник за студентски прашања | 905 |
| 16 | виш соработник за библиотечно работење | 905 |
| 17 | самостоен референт за студентски прашања | 730 |
| 18 | самостоен референт библиотекар | 730 |
| 19 | самостоен референт архивар | 730 |
| 20 | самостоен референт администратор | 730 |
| 21 | самостоен референт за благајна | 730 |
| 22 | самостоен референт за магацинско работење – курир | 730 |
| 23 | хаусмајстор | 670 |
| 24 | домаќин | 620 |
| 25 | чувар | 555 |
| 26 | градинар | 555 |
| 27 | хигиеничар | 555“ |

**Член 4**

Членот 27 се менува и гласи:

„За ангажираност над нормираниот обем, утврден со член 11 од оваа одлука, на наставниците и на соработниците им се исплаќа плата за зголемен обем:

- на наставниците, по 1 % од основната плата, дефинирана во член 19 за секој час наставна ангажираност над нормираната од 8 часа, но не повеќе од вкупно 16 часа настава;
- на соработниците, по 1 % од основната плата, дефинирана во член 19 за секој час наставна ангажираност над нормираната од 12 часа, но не повеќе од вкупно 20 часа настава.“

**Член 5**

Во членот 30, ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

(2) „На работникот кој врши замена на отсутен работник за одржување на хигиена, ќе му се исплати делот од плата за зголемен обем на работа, во висина до 30 % од неговата основна плата.“

(3) „На работникот кој врши замена на отсутен работник од Стручната и административна служба, ќе му се исплати делот од плата за зголемен обем на работа во висина до 15 % од неговата основна плата.“

**Член 6**

Членот 43 се менува и гласи:

„Учесниците во наставниот процес (демонстратори) за чие ангажирање во изведувањето на аудиториски и лабораториски вежби дал согласност (ги избрал) Наставно-научниот совет, им следува надоместок утврден со одлука на Деканатската управа.“

**Член 7**

Членот 50 се менува и гласи:

„Од средствата добиени за организирање и реализација на курсеви, семинари, подготвителна настава и сл. се одвојуваат 5 % за Универзитетот, 25 % за Факултетот, 10 % за институтот/лабораторијата што е носител на активноста и 60 % за извршителите на активноста во зависност од обемот на реализираните обврски, определен со одлука за нивно организирање.“

**Член 8**

Членот 52 се менува и гласи:

„Од средствата добиени од применувачката дејност, се издвојуваат средства во висина од: 5 % за Универзитетот, 14 % за Факултетот, 6 % за институтот каде што припаѓа носителот на применувачката работа, а другите средства се распределуваат за директните извршители.

За користењето на институтските средства од став 1 на овој член одлучува институтот, а предлогот за користење го потпишува раководителот на институтот.

Средствата за надоместоци на учесниците во проекти од применувачката дејност се распределуваат по предлог на раководителот на проектот, а решение за исплата донесува деканот.“

**Член 9**

Членовите 2, 3 и 4 од оваа одлука ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

(Службен весник на Република Северна Македонија бр. 287/2022).

**Член 10**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Владимир Атанасовски, с.р.**

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитески гласник бр. 161/2010), Колективниот договор за високо образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021), Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 287/2022) и член 59 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463/2019), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 13. вонредна седница одржана на 30.1.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

**Член 2**

Вработените на Факултетот имаат право на плата, надоместок на плата, надоместок на трошоци поврзани со работата и надоместок за вршење дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски, согласно со закон, Колективниот договор, актот за вработување, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Правилникот) и оваа одлука.

**Член 3**

Платите и другите надоместоци на вработените се утврдуваат и се исплатуваат на начин, услови, критериуми и во постапка утврдени со закон, Колективниот договор за високо образование и наука, Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот, оваа одлука и договорот за вработување.

**Член 4**

На вработените им се исплатува плата еднаш месечно во паричен износ, на трансакциски сметки.

Факултетот е должен да води евиденција за платите, надоместоците и додатоците на плата, на исплатените даноци и придонеси на плата. На вработениот му се издава писмена месечна и годишна пресметка за исплатената бруто плата, надоместоците и додатоците на плата.

***Групи на сложеност на работните места***

**Член 5**

Работните места, односно работните задачи на вработените лица се групираат во следниве категории и нивоа на работни места:

1. Група на сложеност на наставниот кадар на Факултетот:
а) Категорија А – наставно-научни звања:
- ниво А1 – редовен професор,
  ниво А2 – вонреден професор,
- ниво А3 – доцент.
б) Категорија В – соработнички звања:
- ниво В1 – асистент.
2. Група на сложеност на Стручната и административна служба на Факултетот:
а) Категорија А
- ниво А2.
б) Категорија Б
- ниво Б4.
в) Категорија В
- ниво В1,
- ниво В2,
- ниво В3,
- ниво В4.
г) Категорија Г
- ниво Г1.
3. Група на сложеност на помошно-техничките лица на Факултетот:
а) Категорија А
- ниво А1 – подгрупа 1 (хигиеничар)
- ниво А1 – подгрупа 3 (возач)
- ниво А1 – подгрупа 4 (портир).

Доколку на работно место за кој е предвиден понизок степен на стручна подготовка е вработен, односно работи работник со повисок степен на стручна подготовка, платата му се исплатува според бодовите утврдени за работното место на кое е распореден.

II. ПЛАТА

**Член 6**

Платата на вработеното лице се состои од две компоненти:

1. Основна компонента на плата, која се состои од:
- основна бруто плата, и
- дел од плата за работен стаж
2. Исклучителна компонента на плата, која се состои од:
- дел од плата за работна успешност, и
- додатоци и/надоместоци.

1. *Основна компонента на плата*

**Член 7**

За да стекне основна бруто плата, вработениот е должен, во текот на 40-часовната работна недела, работните задачи утврдени во обем со прописите кои ја регулираат оваа материја и актот за организација и систематизација на работните места да ги извршува квалитетно, редовно, навремено и целосно.

**Член 8**

Платата на вработениот за работа со полно работно време не може да биде пониска од најниската плата утврдена според закон, Колективниот договор, Правилникот и оваа одлука.

Најниската плата за најнизок степен на сложеност (најниска плата) се утврдува и се објавува од страна на Владата на Република Северна Македонија и Синдикатот.

**Член 9**

Основната компонента на плата се исплаќа од основниот Буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, согласно со Колективниот договор за секое пополнето работно место, согласно со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје.

Основната компонента, односно делот од основната бруто плата кој се исплаќа од основниот Буџет на Министерството за образование и наука се утврдува така што основната вредност на коефициентот се множи со коефициентот на сложеност по назив/звање на работно место. Основната вредност на коефициентот за пресметување на основна бруто плата на вработените кој се исплаќа од Министерството за образование и наука се определува согласно со важечките прописи.

**Член 10**

Основната компонента на плата може да биде повисока за делот од плата кој се исплаќа од сопствени средства на Факултетот.

Делот од плата кој се исплаќа од сопствени средства се определува врз основа на следните бодови, и тоа:

| **НАСТАВЕН КАДАР** | | |
|---|---|---|
| **Шифра на работното место** | **Назив/звање на работното место** | **Бодови** |
| ОБН 03 02 АО1 001 | Редовен професор | 150 |
| ОБН 03 02 АО2 001 | Вонреден професор | 140 |
| ОБН 03 03 АО2 001 | Доцент | 100 |
| ОБН 03 02 ВО1 001 | Асистент | 90 |
| **СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА** | | |
| ОБН 01 02 АО2 001 | Секретар | 100 |
| ОБН 01 02 БО4 005 | Раководител на Одделението за студентски прашања | 90 |
| ОБН 01 02 БО4 001 | Раководител на Одделението за правни и општи работи | 90 |
| ОБН 01 02 БО4 011 | Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење | 90 |
| ОБН 01 02 БО4 002 | Раководител на Одделението за човечки ресурси и настава | 90 |
| ОБН 01 02 БО4 008 | Раководител на Одделението за библиотечно работење | 60 |
| ОБН 01 02 ВО1 009 | Советник за ИКТ | 55 |

| | | |
|---|---|---|
| ОБН 01 02 ВО1 005 | Советник за студентски прашања | 45 |
| ОБН 01 02 ВО1 004 | Советник за настава и наука | 45 |
| ОБН 01 02 ВО1 008 | Советник за библиотечно работење | 45 |
| ОБН 01 02 ВО1 014 | Советник за деловно работење | 45 |
| ОБН 01 02 ВО1 002 | Советник за човечки ресурси | 45 |
| ОБН 01 02 ВО2 011 | Виш соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење | 40 |
| ОБН 01 02 ВО2 005 | Виш соработник за студентски прашања | 40 |
| ОБН 01 02 ВО1 007 | Виш соработник за магистерски и докторски студии | 40 |
| ОБН 01 02 ВО2 008 | Виш соработник за библиотечно работење | 40 |
| ОБН 0102 ВО3 005 | Соработник за студентски прашања | 35 |
| ОБН 01 02 ВО1 015 | Соработник за е-индекс | 35 |
| ОБН 01 02 ВО3 013 | Соработник за јавни набавки | 35 |
| ОБН 01 02 ВО3 008 | Соработник за библиотечно работење | 35 |
| ОБН 01 02 ВО3 009 | Соработник за ИКТ | 35 |
| ОБН 01 02 ВО3 022 | Документарист-архивист | 35 |
| ОБН 01 02 ВО4 010 | Помлад соработник за издавачка дејност, култура и спорт | 30 |
| ОБН 01 02 ВО4 008 | Помлад соработник за библиотечно работење | 30 |
| ОБН 01 02 ГО1 008 | Благајник I/ Самостоен референт за благајна | 25 |
| ОБН 01 02 ГО1 006 | Администратор I/Самостоен референт администратор | 25 |
| ОБН 01 02 ГО1 004 | Самостоен референт техничар | 25 |
| ОБН 01 02 ГО1 013 | Самостоен референт за магацинско работење | 25 |
| **ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА** | | |
| ОБН 04 05 АО1 001 | Возач | 20 |
| ОБН 04 01 АО1 001 | Хигиеничар | 20 |
| ОБН 04 02 АО1 002 | Портир | 20 |

Вредноста на бодот врз основа на која се врши исплаќање на основната компонента на плата на делот од сопствени средства зависи од средствата со кои располага Факултетот и се утврдува со одлука донесена од страна на деканот на Факултетот.

**Член 11**

Основната плата се зголемува за 0,5 % за секоја година работен стаж, а најмногу до 20 %.

Пресметката на износот од претходниот став се врши со денот на наполнување на соодветната година на работен стаж.

***Мерила и критериуми за остварување основна бруто плата на наставниот кадар***

**Член 12**

Основната бруто плата на наставниците на Факултетот со полно работно време се распоредува на:

1. Работни часови за вршење на работни активности на прв и втор циклус студии неделно, и тоа за:
   - предавања и вежби до 6 наставни часа неделно, односно максимум 180 наставни часа годишно;
   - подготовка за изведување наставни часа – до 12 часа;
   - консултации – до 4 часа;
   - индивидуална работа со студенти (домашни задачи, семинарски работи, проекти и сл.) – до 7 часа[1];
   - континуирано оценување – до 3 часа[2];

[1] Еден час индивидуална работа е еквивалентна на 4 наставни активности.

[2] Еден час континуирано оценување е еквивалентен на 4 студенти.

- завршна проверка на знаења и завршна проверка на знаења со презентација на писмен труд – до 15 часа годишно[3].

До исполнување на 40-часовната работна недела, наставниот кадар врши и други работи.

Други работи на наставниот кадар за кои добива основна плата се:

- вршење научноистражувачка работа;
- континуирано стручно и научно усовршување;
- учество во работата на органите на Факултетот (ННС, Деканатска управа, Наставно-научен колегиум, Совет на трет циклус студии и сл.);
- други активности поврзани со наставно-образовниот процес.

**Член 13**

Основната бруто плата на соработниците на Факултетот со полно работно време се распоредува на:

1. Работни часови за вршење на работни активности на прв циклус студии неделно, и тоа за:

- реализација на вежби со фонд до 12 часа неделно, односно максимум 360 часа годишно;
- подготовка за изведување вежби – до 24 часа;
- консултации – до 4 часа.

До исполнување на 40-часовната работна недела, соработниците вршат и други работи.

Други работи на соработниците за кои добиваат основна плата се:

- вршење научноистражувачка работа;
- континуирано стручно и научно усовршување;
- учество во работата на институтот (Наставно-научен колегиум и сл.);
- други активности поврзани со наставно-образовниот процес.

***Мерила и критериуми за остварување основна бруто плата на ненаставниот кадар***

**Член 14**

Стручната и административна служба на Факултетот основната плата ја остварува за полно работно време во извршувањето на работите и работните задачи определени со актот за систематизација на работните места.

Работното време на вработените во Стручната и административна служба и помошно-техничкиот персонал се остварува во петдневна работна недела. По исклучок, работното време на вработените од редот на помошно-техничкиот персонал може да се уреди со одлука на деканот и договорот за вработување.

**Член 15**

Наставно-научниот совет, пред почетокот на секоја учебна година или семестар, го утврдува распоредот на работните задачи на наставниците и соработниците.

2. ***Исклучителна компонента на плата***

***Дел од плата за работна успешност***

**Член 16**

Делот од платата за работна успешност се исплаќа за:

1. вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
2. зголемен обем на работа;
3. предвремено и квалитетно извршување на работите.

Делот од плата по основ за работна успешност во текот на месецот може да се зголеми најмногу до 30 % од основната плата.

Делот од платата за работна успешност може да се исплати доколку за тоа има сопствени средства на сметката на Факултетот за таа намена.

**Мерила и критериуми за дел од плата за работна успешност**

**Член 17**

На вработениот може да му се исплаќа дел од плата за работна успешност во согласност со следниве критериуми:

1. Под вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот се смета:
   - замена на отсутен работник поради користење на денови од годишен одмор;
   - замена на отсутен работник поради боледување и породилно/родителско отсуство;
   - работа за извршување на работи од работно место кое не е пополнето.

За вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот одлучува деканот на Факултетот врз основа на документација или извештај за период за кој вработениот е оптоварен.

2. За зголемен обем на работа се смета:
   - работа за извршување на активности кои не се предвидени како редовни обврски за работното место на кое е распореден работникот;

[3] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашани 3 кандидати.

- работа при упис на нови студенти;
- работа при обработка на книги во Cobiss-системот на НУБ;
- работа при изработка на завршни сметки и др.;
- доколку работникот дал посебен придонес во подобрувањето на квалитетот на извршените работи.

За зголемен обем на работа на вработениот одлучува деканот врз основа на извештај од секретарот или од раководителот на организационата единица, најмногу три пати во текот на една календарска година по вработено лице.

3. Предвремено и квалитетно извршување на работите се исплаќа во исклучителни ситуации, врз основа на одлука донесена од деканот за еднократна исплата на надоместок за предвремено и квалитетно извршување на работните задачи кои се извршени со поголема креативност и самоиницијативност од вообичаената.

*Додатоци и надоместоци на плата*

**а) Функционален додаток на плата**

**Член 18**

За вршење раководни функции на Факултетот се исплаќа функционален додаток на плата од сопствени приходи, кој се изразува во коефициенти во однос на износот на минималната нето плата.

Функционалниот додаток на плата изразен во коефициенти се утврдува во висина од:

1. за декан – 1,1 коефициент;
2. за продекан – 0,8 коефициент;
3. за раководител на институт – 0,35 коефициент.

Функционалниот додаток на плата се исплатува месечно од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

Висината на коефициентот се утврдува со оваа одлука, во зависност од расположливите финансиски средства на Факултетот.

**б) Додаток на плата за научен степен**

**Член 19**

Ненаставниот кадар има право на додаток на плата за стекнат научен степен.

Коефициентот за додатокот на плата се утврдува во висина од:

1. за магистер на науки – 0,2 коефициент;
2. за доктор на науки – 0,4 коефициент.

Исплатата на додатокот се врши од сопствени приходи, врз претходно донесена одлука од Деканатската управа, на предлог на секретарот, по барање на вработениот.

**в) Други додатоци и надоместоци на плата**

**Член 20**

Вработените лица имаат право на додаток на основната бруто плата за прекувремена работа, работа ноќе, работа во денови на празници, работа во ден на неделен одмор и неработни денови, согласно со закон и Колективниот договор.

Средствата за додатоците опишани во став 1 од овој член се исплаќаат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Вработените лица имаат право на надоместок за службено патување согласно со законските прописи и Одлуката за стручно и професионално усовршување и дооформување на образованието на вработените на Филозофскиот факултет во Скопје, кој се исплаќа од сопствени средства на Факултетот.

**Други надоместоци и примања**

**Член 21**

*1) Вработените лица имаат право на надоместоци, и тоа:*

- надомест за одвоен живот од семејството;
- надомест во случај на смрт на вработеното лице или на смрт на член на потесното семејство на вработеното лице и за непрекинато боледување подолго од 6 месеци;
- надомест во случај на потешки последици од елементарни непогоди;
- надомест за остварување на правото на отпремнина за заминување во пензија.

Факултетот може да исплати од сопствени средства и поголема парична помош предвидена со закон и Колективниот договор од надоместоците во став 1, алинеја 2 и алинеја 3 на овој член, врз основа на доставено барање за парична помош со придружна документација и донесена одлука на Деканатската управа.

*2) Надомест за годишен одмор (регрес)*

Вработените лица имаат право на надомест за годишен одмор (регрес) во висина најмногу до 60 % од просечната месечна нето плата по работник во државата која важи на денот на донесување на одлуката за исплата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци на Факултетот во календарската година.

Исплатата на регресот се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи, врз претходно донесена одлука на Деканатската управа.

*3) Надомест за јубилејни награди*

Вработените лица имаат право на надомест за јубилејни награди согласно со закон,

Колективниот договор и Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Факултетот.

Исплатата на јубилејна награда се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи.

## III. НАДОМЕСТОЦИ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ЗА ВРШЕЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ РАБОТИ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ НАД НОРМИРАНИОТ ОБЕМ

***Надоместоци за вршење на дополнителни работни задачи кои не спаѓаат во редовни работни обврски за прв циклус студии (додипломски студии)***

**Член 22**

На наставниците и на соработниците, односно на наставниот кадар, за наднормираниот обем на работни задачи, утврден во член 10, им се исплатува надоместок за вршење дополнителни работи и работни задачи, и тоа:

а) **Наставници**

1. Изведување завршна проверка на знаења[4] (над 15 часа годишно) - 25 бода од час
2. Изведување завршна проверка на знаења – комисиски[5] - 9 бода од час
3. Изведување на завршна проверка на знаења со презентација на писмен труд[6]
   - ментор - 90 бода од час
   - член - 30 бода од час

б) **Соработници**

1. Ангажирање во завршна проверка на знаења[7] (над 15 часа годишно) - 30 бода од час
2. Изведување на завршна проверка на знаења со презентација на писмен труд [8] - 30 бода од час.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

**Надоместоци за втор циклус студии (постдипломски студии)**

**Член 23**

По одбивањето на материјалните трошоци за студиите од вкупните приходи за втор циклус студии и специјалистички студии (40 %) и материјалните трошоци за интегративните трошоци на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот) на наставниците, на соработниците (наставниот кадар) и на стручниот, административниот и техничкиот кадар (ненаставниот кадар) им се исплаќа надоместок во зависност од нивното учество во реализацијата и организирањето на студиите.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

**Член 24**

За учество во реализацијата на втор циклус студии (магистерски и специјалистички студии), на наставниците им се исплатува надоместок за извршена работа, и тоа:

1. Одржан час предавање (над 5 кандидати) 70 бода
2. Менторски час (до 5 часа по кандидат) 35 бода
3. Менторски час за предмет од Универзитетската листа на слободни изборни предмети (до 2 часа по кандидат) 35 бода
4. Менторски час и завршна проверка на знаење за предмет од Универзитетската листа на слободни изборни предмети за студенти запишани на други единици[9] 20 бода
5. Одржан час завршна проверка на знаење[10]
   - еден реализатор 60 бода
   - два реализатора 30 бода
   - три реализатори 20 бода
6. Одржан час повторно полагање на предмети по завршување на студиите по реализатор[11] 25 бода
7. Менторство при изработка на:

[4] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашани три кандидати.

[5] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашани три кандидати.

[6] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашани три кандидати.

[7] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашани три кандидати.

[8] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашани три кандидати.

[9] Еден час е еквивалентен на еден ЕКТС-кредит.

[10] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашан еден кандидат.

[11] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашан еден кандидат.

- проект, досие и друга активност предвидени со студиската програма по кредит 20 бода
8. Менторство при изработка на магистерски труд 450 бода
9. Учество во комисија за оцена на магистерски труд:
- за претседателот 200 бода
- за другите членови 100 бода
10. Учество во комисија за одбрана на магистерски труд 150 бода

**Надоместоци за трет циклус студии (докторски студии)**

**Член 25**

Надоместоците за трет циклус студии (докторски студии) се утврдуваат и се распределуваат во согласност со Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На наставниците им се исплатува надоместок за извршената работа, и тоа:

1. Менторство при изработка на докторска дисертација:
- по поднесен извештај за вреднување на студентот

(на крајот на вториот и четвртиот семестар) 500 бода

- по прифаќање на тема за изработка на докторска дисертација 1000 бода
- по одбрана на докторска дисертација 1500 бода
2. Учество во комисија за одобрување тема за докторска дисертација:
- за претседател 350 бода
- за другите членови 200 бода
3. Учество во комисија за оцена на докторска дисертација:
- за претседател 250 бода
- за другите членови 160 бода
4. Учество во комисија за одбрана на докторска дисертација:
- за секој член 120 бода
5. Одржани предавања ( до 30 часа) за предметите од обуката за истражување (генерички предмети):
- за одржан 1 час по студент по положен испит 1,335 бода
6. Одржан испит за предметите од обуката за истражување (генерички предмети) по студент:
- носител на предмет 15 бода
- член на комисија 5 бода
7. Одржани предавања и испит за предмети од полето и обласа на истражувањето:
- за 1 ЕКТС од предмет по положен испит 80 бода
- член на комисија на испит 20 бода
8. Член на комисија за валоризација на кредити по одржан годишен семинар по студент 30 бода
9. Член на комисија за валоризација на кредити по одржана годишна конференција по студент 30 бода
10. Член на комисија за валоризација на кредити по одржана работилница по студент
- ментор 45 бода
- раководител на студиска програма 90 бода
11. Раководител на студиска програма по студент во семестар 45 бода
12. За стручна и административна поддршка по студент во семестар (согласно со одлука за учество и распределба на средства во зависност од вклученоста во реализацијата на активностите) 25 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Декантската управа.

**Надоместоци за учество во комисии за избор во наставно-научни и соработнички звања**

**Член 26**

На избраните членови во рецензентските комисии им се исплатува надоместок, и тоа:

1. За избор во звањето редовен професор, вонреден професор и доцент:
- за првиот член 100 бода
- за другите членови 50 бода
2. За избор во звањето асистент:
- за првиот член 80 бода
- за другите членови 50 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Декантската управа.

**Надоместоци за учество во комисии, работни групи и сл.**

**Член 27**

На членови на комисии, работни групи и тела, формирани од орган на Факултетот или деканот, за изготвување на акти, анализи и други активности за реализација на специјалистички курсеви, семинари, симпозиуми, перманентно образование и за вршење на работи за научноистражувачки проекти што ги финансира Факултетот, како и за други работи, им се исплаќа надоместок во зависност од обемот и сложеноста на работните задачи.

Обемот и сложеноста на работата на комисиите, работните групи и тела се утврдуваат со одлука од страна на органот кој ги формирал. Износот на надоместоците за членовите на комисиите, работните групи и тела се утврдува со

одлука од страна на деканот, согласно со доставен извештај за извршените активности.

а) **За извршување на повремени ад хок работи**

На член на комисијата, работната група и тело му се исплаќа надомест за:

- стручно-аналитички работи (студиски програми, самоевалуација, проекти, стратегии, програми, нормативни акти и сл.): од 350 до 1500 бода;
- експертски анализи (за прашања од конкретна област): од 350 до 500 бода;
- стручна работа (анализи, информативен материјал, извештаи и сл.): од 50 до 500 бода;
- за други активности (организациони, манифестациони и сл. работи, помошни активности: компјутерска обработка на материјали, уписи и сл.): од 250 до 1600 бода;
- помошни и технички работи: од 50 до 500 бода;
- други стручни работи од: 10 до 30 бода.

б) **За извршување на постојани работи:**

1. На лицата одговорни за раководење со студиските програми од втор циклус студии им се утврдува надомест по семестар, и тоа:
- од 1 до 5 студенти, во висина од 45 бода по студент
- за 6 и повеќе студенти, во висина од 150 бода месечно.

Надоместокот се исплатува на крајот на секој семестар. Надоместокот од алинеја 2 не се исплатува за месеците јули и август.

2. На координаторите на сите студиски програми од втор циклус студии им се утврдува надомест по семестар, и тоа:
- од 1 до 5 студенти, во висина од 10 бода по студент
- за 6 и повеќе студенти, во висина од 50 бода месечно.

Надоместокот се исплатува на крајот на секој семестар. Надоместокот од алинеја 2 не се исплатува за месеците јули и август.

3. На Еразмус-координатор му се утврдува надомест од 150 бода месечно, освен за месеците јули и август.

4. За членовите на комисијата за награди и признанија се утврдува надомест, и тоа за:
- претседател – 125 бода
- член – 100 бода
- секретар на комисијата – 80 бода.

5. За членовите на комисијата за јавни набавки се утврдува надомест, и тоа по 50 бода од спроведена постапка.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

**Издавачка дејност**

**Член 28**

На членовите на Комисијата за издавачка дејност им се утврдува надомест по присуство на одржана седница, и тоа за:
- претседател – 125 бода
- член – 75 бода.

За издавање на научно списание на Факултетот се утврдува надомест, и тоа за:
- главен и одговорен уредник (од наставен кадар на Факултетот) – 600 бода по издание
- секретар на списанието (вработен на Факултетот) – 300 бода по издание.

На членовите на редакцискиот одбор на Годишниот зборник им се утврдува надомест, и тоа за:
- претседател на редакциски одбор – 600 бода од издание
- член на редакциски одбор – 50 бода од присуство на одржана седница.

На авторите и рецензентите на статии издадени во Годишниот зборник им се утврдува надомест, и тоа за:
- автор на статија – 25 бода од страница на македонски и на англиски јазик
- автор на приказ – 50 бода
- рецензент на статија – 100 бода.

Средствата за статија напишана од повеќе автори се распределуваат рамномерно на сите автори.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Декантската управа.

**Изведување настава на други факултети на Универзитетот**

**Член 29**

На лица од наставниот кадар на кои по барање на членка на Универзитетот, Наставно-научниот совет со одлука им одобрил наставно ангажирање на друг факултет, по одбивање на 5 % за Факултетот, им следува надоместок во висина од 95 % од износот утврден со склучениот договор помеѓу факултетите и Одлуката за начинот на утврдувањето на цената на наставно-образовната дејност што се изведува на нематичните факултети и институти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 160 од 26 октомври 2010).

Доколку со ова ангажирање наставникот го дополнува нормираниот фонд на часови за основна плата утврден во член 12, не му следува надоместок, но доколку со ова ангажирање наставникот го надминува нормираниот фонд на часови утврден во член 12, му следува надоместок, но не и други додатоци на плата.

**Надоместоци на надворешни соработници**

**Член 30**

За вршење наставна дејност на насловни наставници и стручњаци од практиката ангажирани на Факултетот, им се исплатува следниов надомест:

За одржан час предавања и вежби:

- насловен вонреден професор 50 бода
- насловен доцент 40 бода
- стручњак од практиката 30 бода
- соработник 20 бода

Бројот на часовите на насловните вонредни професори и доценти изнесува најмногу 30 % од редовните обврски од соодветното наставно-научно звање. Бројот на часовите на стручњак од практиката изнесува најмногу 4 часа неделно.

За вршење наставна дејност на надворешни наставници од други универзитети ангажирани на Факултетот, им се исплатува следниов надомест врз основа на поднесен извештај за реализирани активности или евиденција за одржана настава, и тоа:

1. За одржан час предавања над 5 студенти:
   - редовен професор 40 бода
   - вонреден професор 30 бода
   - доцент 25 бода

2. За одржан час предавања по студент:
   - редовен професор 3 бода
   - вонреден професор 2 бода
   - доцент 1 бод

3. На член на комисија за изведување завршна проверка на знаења 5 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

**Член 31**

На лицата од странство и визитинг-професори кои по покана гостуваат на Факултетот, за одржаните предавања им се исплатува надомест согласно со програмата за визитинг-професори во висина од 900 бода. Вредноста на бодот со одлука се определува од страна на деканот.

Со лицата од претходниот став, деканот склучува договор.

**Надоместоци за учество во реализација на применувачка дејност**

**Член 32**

**А.** За учество во реализацијата на применувачката дејност (психолошка, педагошка и методска доквалификација и др.), на наставниците им се исплатува надоместок за извршена работа, и тоа:

1. одржан час предавање (над 15 кандидати) 25 бода
2. менторски час (5 часа по кандидат) 25 бода
3. изведување завршна проверка на знаења[12] 25 бода
4. одржан час по педагошка практика 0,5 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

На вработените лица кои раководат и учествуваат во реализацијата на применувачката дејност (психолошка, педагошка и методска доквалификација), за стручната и администра-тивна поддршка им се исплатува надомест согласно со Одлуката за учество и распределба на средства за раководење и стручна и адми-нистративна поддршка за реализација на психо-лошка, педагошка и методска доквалификација.

**Б.** За учество во реализација на едногодишни дефектолошки студии, на наставниците им се исплатува надоместок за извршена работа, и тоа за:

- Завршна проверка на знаења[13] 40 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

На вработените лица кои раководат и учествуваат во реализацијата на едногодишни дефектолошки студии, за стручната и административна поддршка им се исплатува надомест согласно со Одлуката за учество и распределба на средства за раководење и стручна и административна поддршка за реализација на едногодишни дефектолошки студии.

[12] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашан еден кандидат.

[13] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашан еден кандидат.

**Надоместоци за вработените во Стручната и административна служба**

**Член 33**

На вработените лица во Стручната и административна служба на Факултетот им се исплатува надомест за вршење работи и задачи кои не спаѓаат во редовни работни обврски во согласност со договорот за вработување. Деканот со одлука го утврдува учеството и ја определува висината на надоместоците.

**Член 34**

За учество во реализација на применувачка дејност спроведена од страна на Факултетот, институти, катедри, летни школи, центри и лаборатории, за секоја активност се склучува посебен договор за реализација помеѓу раководителот на активноста и деканот на Факултетот со кој се предвидуваат сите обврски на Факултетот, обврски кои Факултетот ги има кон трети лица, како и за исплата на надоместоци за вклучени реализатори, раководители, координатори и за лицата вклучени како административна поддршка од Стручната и административна служба на Факултетот.

Распределбата на средствата кои се остварени по основ на вршење работи за реализација на предметот на договорот од став 1, се врши со одлука на деканот, а во согласност со финансискиот план.

Одлука за учество на лицата во извршување на работите од став 2 донесува деканот, по предлог на раководителот.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 35**

Член 28, став 1 од оваа одлука ќе започне да се применува од 1 октомври 2024 година.

**Член 36**

Бодовите прикажани во табелата во член 10 од оваа одлука ќе се применуваат само доколку од страна на надлежното министерство се одобри исплата на плата согласно со Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во спротивно ќе важат бодовите прикажани во следната табела, и тоа:

| **НАСТАВЕН КАДАР** | | |
|---|---|---|
| **Шифра на работното место** | **Назив/звање на работното место** | **Бодови** |
| ОБН 03 02 АО1 001 | Редовен професор | 156 |
| ОБН 03 02 АО2 001 | Вонреден професор | 146 |
| ОБН 03 03 АО2 001 | Доцент | 62 |
| ОБН 03 02 ВО1 001 | Асистент | 60 |
| **СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА** | | |
| ОБН 01 02 АО2 001 | Секретар | 260 |
| ОБН 01 02 БО4 005 | Раководител на Одделението за студентски прашања | 178 |
| ОБН 01 02 БО4 001 | Раководител на Одделението за правни и општи работи | 178 |
| ОБН 01 02 БО4 011 | Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење | 178 |
| ОБН 01 02 БО4 008 | Раководител на Одделението за библиотечно работење | 178 |
| ОБН 01 02 БО4 002 | Раководител на Одделението за човечки ресурси и настава | 178 |
| ОБН 01 02 ВО1 005 | Советник за студентски прашања | 86 |
| ОБН 01 02 ВО1 004 | Советник за настава и наука | 86 |
| ОБН 01 02 ВО1 008 | Советник за библиотечно работење | 86 |
| ОБН 01 02 ВО1 014 | Советник за деловно работење | 86 |
| ОБН 01 02 ВО1 009 | Советник за ИКТ | 86 |
| ОБН 01 02 В01 002 | Советник за човечки ресурси | 86 |
| ОБН 01 02 ВО2 005 | Виш соработник за студентски прашања | 52 |
| ОБН 01 02 ВО1 007 | Виш соработник за магистерски и докторски студии | 52 |
| ОБН 01 02 ВО2 008 | Виш соработник за библиотечно работење | 52 |

| | | |
|---|---|---|
| ОБН 01 02 ВО2 011 | Виш соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење | 52 |
| ОБН 0102 ВО3 005 | Соработник за студентски прашања | 4 |
| ОБН 01 02 ВО1 015 | Соработник за е-индекс | 4 |
| ОБН 01 02 ВО3 013 | Соработник за јавни набавки | 4 |
| ОБН 01 02 ВО3 008 | Соработник за библиотечно работење | 4 |
| ОБН 01 02 ВО3 009 | Соработник за ИКТ | 4 |
| ОБН 01 02 ВО3 022 | Документарист-архивист | 4 |
| ОБН 01 02 ВО4 010 | Помлад соработник за издавачка дејност, култура и спорт | 3 |
| ОБН 01 02 ВО4 008 | Помлад соработник за библиотечно работење | 3 |
| ОБН 01 02 ГО1 008 | Благајник I/ Самостоен референт за благајна | 80 |
| ОБН 01 02 ГО1 006 | Администратор I/Самостоен референт администратор | 80 |
| ОБН 01 02 Г01 004 | Самостоен референт техничар | 80 |
| ОБН 01 02 ГО1 013 | Самостоен референт за магацинско работење | 80 |
| **ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА** | | |
| ОБН 04 05 АО1 001 | Возач | 40 |
| ОБН 04 01 АО1 001 | Хигиеничар | 20 |
| ОБН 04 02 АО1 002 | Портир | 20 |

### Член 37

Додатокот наведен во член 18 од оваа одлука ќе започне да се применува само доколку од страна на надлежното министерство се одобри започнување на примената на Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во спротивно, за вршење на раководни и оперативни функции на Факултетот следува додаток за:

1. декан – 600 бода;
2. продекан – 450 бода;
3. раководител на институт – 200 бода.

Функционалниот додаток на плата се исплатува месечно од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

Вредноста на бодот, утврден во став 2 од овој член, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

### Член 38

Додатокот наведен во член 19 од оваа одлука ќе започне да се применува само доколку од страна на надлежното министерство се одобри започнување на примената на Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### Член 39

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат: Одлука за плати и надоместоци на плати на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 225/2012), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за плати и надоместоци на плати на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 301/2014), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за плати и надоместоци на плати на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет - Скопје (Универзитетски гласник бр. 325/2016), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за плати и надоместоци на плати на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет - Скопје (Универзитетски гласник бр. 394/2018), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за плати и надоместоци на плати на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 480/2020), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за плати и надоместоци на плати на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет - Скопје (Универзитетски гласник бр. 548/2021), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за плати и надоместоци на плати на вработените на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Филозофски факултет - Скопје (Универзитетски гласник бр. 548/2021-анекс) и Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Филозофски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 570/2021).

**Член 40**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Ратко Дуев, с.р.**

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр.161/2010), Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/2022) и член 66, став 1, точка 13 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Наставно – научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на ден 22.1.2024 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје (во натамошниот текст: Одлуката), се утврдуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

**Член 2**

Вработениот има право на плата, надоместок на плата, надоместок на трошоци поврзани со работата и надоместок за вршење дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски, во согласност со закон, Колективен договор, актот за вработување, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Правилник) и оваа Одлука.

**Член 3**

Платата, придонесите, даноците и другите давачки на платите и надоместоците на вработениот ги исплатува работодавецот. Платата, придонесите, даноците и другите давачки на платите и надоместоците на вработениот се исплаќаат од:

- средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија;
- средствата од Буџетот на Република Северна Македонија и од средствата стекнати од други извори (кумулативно);
- средства стекнати од други извори, сопствени средства.

Платата се исплаќа од средствата стекнати од други извори и од сопствени приходи, доколку на Факултетот се остварени приходи од други извори.

**Член 4**

На вработените им се исплатува плата еднаш месечно во паричен износ, на трансакциски сметки. Факултетот е должен на работникот да му издаде, при секое исплаќање на плата, пресметка на плата, придонеси од плата и додатоците и надоместоците од плата за платниот период. Факултетот е должен да води евиденција на платите, додатоците и надоместоците на платите, како и на исплатените придонеси и додатоци од плата, а на работникот да му издаде пресметковна листа за исплатена плата.

**II. ПЛАТА**

**Член 5**

Платата на вработеното лице се состои од две компоненти:

1. Основна компонента на плата, која се состои од:
- основна бруто плата и
- дел од плата за работен стаж.

2. Исклучителната компонента на плата, која се состои од:
- дел од плата за работна успешност и
- додатоци и надоместоци.

**ОСНОВНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА**

**Член 6**

За да стекне основна бруто плата, вработениот е должен во текот на 40- часовната работна недела, работните задачи, утврдени во актот за организација и систематизација на работните места, да ги извршува квалитетно, редовно, навремено и целосно, а во обем утврден со оваа Одлука.

**Член 7**

Платата на вработениот за работа со полно работно време не може да биде пониска од најниската плата утврдена со закон, Колективниот договор, Правилникот и оваа Одлука.

**Член 8**

На Факултетот работните места, односно работните задачи на вработените лица се групираат во следниве категории и нивоа на работни места:

**Наставен кадар – наставно - научни звања**

а) **Категорија А** – наставно - научни звања
- ниво А01 – редовен професор
- ниво А02 – вонреден професор
- ниво А03 – доцент

б) **Категорија В** – соработнички звања
- ниво В01 – асистент

в) **Категорија Г**
- ниво Г01 – технички раководител на ЛТМ
- ниво Г02 – виш лаборант

**Стручна и административна служба**

а) **Категорија А**
- ниво А02 - секретар на факултет

б) **Категорија Б**
- ниво Б04 - раководител на одделение

в) **Категорија В**
- ниво В02 - виш соработник
- ниво В03 - соработник

г) **Категорија Г**
- ниво Г01 - самостоен референт
- ниво Г03 – лаборант технички секретар
- ниво Г04 - помлад референт

**Помошно - технички кадар**
- ниво А01 – подгрупа хаусмајстор
- ниво А01– подгрупа курир
- ниво А01 – подгрупа чувар
- ниво А01 – подгрупа хигиеничар

Доколку на работното место за кое е предвиден понизок степен на стручна подготовка е вработен, односно работи вработен со повисок степен на стручна подготовка, платата му се исплатува според коефициентот на сложеност утврден за работното место.

**Член 9**

Основната компонента на платата се искажува во бодови, а се исплаќа во согласност со Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/2022) (во понатамошниот текст: Колективен договор), за секое пополнето работно место во согласност со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер (во понатамошниот текст: Правилник за систематизација).

Основната компонента на плата може да биде повисока и таа може да се исплаќа од сопствените средства на Факултетот.

Вредноста на бодот, врз основа на која се исплатува основната компонента на плата од делот на сопствените приходи ја определува деканот/Деканатската управа во зависност од расположливите финансиски средства.

**Наставен кадар**

**Член 10**

Основната компонента на платата за нормираниот обем на работи изразена во бодови, по работни места/звања, за наставниот кадар се утврдува во следниов износ:

| **Шифра на работното место** | **Назив на работно место/звање (наставно-научен кадар)** | **Бодови 2024 година** | **Бодови 2025 година** |
|---|---|---|---|
| ОБН 03 02 А01 001 | Редовен професор | 3740 | 4400 |
| ОБН 03 02 А02 001 | Вонреден професор | 3400 | 4000 |
| ОБН 03 02 А03 001 | Доцент | 3060 | 3600 |
| ОБН 03 02 В01 001 | Асистент | 2295 | 2700 |
| ОБН 03 02 Г01 003 | Технички раководител на ЛТМ | 2125 | 2500 |
| ОБН 03 02 Г02 003 | Виш лаборант | 2125 | 2500 |

**Стручна и административна служба и помошно - технички лица**

**Член 11**

Основната компонента на платата за нормираниот обем на работи изразена во бодови, по работни места/звања, за Стручната и административна служба и помошно - технички лица се утврдува во следниов износ:

| **Шифра на работното место** | **Назив на работно место/звање (Стручна и административна служба)** | **Бодови 2024 година** | **Бодови 2025 година** |
|---|---|---|---|
| ОБН 01 02 А02 001 | Секретар | 3060 | 3600 |
| ОБН 01 02 Б04 001 | Раководител на Одделението за правни и општи работи | 2295 | 2700 |
| ОБН 01 02 Б04 011 | Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење | 2295 | 2700 |
| ОБН 01 02 Б04 005 | Раководител на Одделението за студентски прашања | 2295 | 2700 |
| ОБН 01 02 В02 006 | Виш соработник за ЕКТС | 1785 | 2100 |
| ОБН 01 02 В03 011 | Соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење | 1700 | 2000 |
| ОБН 01 02 Г01 010 | Самостоен референт архивар | 1445 | 1700 |
| ОБН 01 02 Г01 008 | Самостоен референт за благајна | 1445 | 1700 |
| ОБН 01 02 Г04 016 | Помлад референт за студентски прашања | 1190 | 1400 |
| ОБН 03 02 Г03 003 | Лаборант - технички секретар | 1275 | 1500 |
| ОБН 04 01 А01 006 | Хаусмајстор | 1200 | 1400 |
| ОБН 04 05 А01 001 | Курир | 1200 | 1400 |
| ОБН 04 02 А01 001 | Чувар | 1100 | 1300 |
| ОБН 04 01 А01 001 | Хигиеничар | 1100 | 1200 |

**Мерила и критериуми за стекнување основна бруто плата**

**Наставен кадар:**

**Член 12**

Основната плата на наставниците по одделни работни места/звања со полно работно време се остварува за извршување настава и други работи во обем утврден со прописите кои ја регулираат оваа материја за реализација на првиот циклус студии, максимум 6 наставни часа неделно, односно во обем од 180 часа годишно.

а) Работни часови за вршење на наставни активности - работни часови за вршење наставни активности на прв циклус студии, може да изнесуваат максимум 6 наставни часа неделно, односно максимум 180 наставни часа годишно (предавања, индивидуална настава, вежби, практична настава, теренска настава и слично).

Наставните часови за наставниците се распределуваат на следниов начин:

- 60 часа предавања годишно;
- 30 часа годишно подготовка на предавања;
- 30 часа годишно консултации со студенти;
- 30 часа индивидуална работа со студенти;
- 15 часа годишно континуирана оценување и
- 15 часа годишно завршна проверка на знаења.

Основната плата на соработниците со полно работно време се остварува за извршување настава и други работи во обем утврден со прописите кои ја регулираат оваа материја за реализација на првиот циклус студии во обем од 240 часа годишно.

Наставните часови за соработниците се распределуваат на следниов начин:

- 90 часа годишно вежби;
- 60 часа годишно подготовка на вежби;
- 45 часа годишно консултации со студенти;
- 45 часа индивидуална работа со студенти .

До исполнување на 40-часовната работна недела, наставниот кадар врши и други работи:

б) научно - истражувачка и применувачка дејност;
в) научно и стручно усовршување и
г) учествува во работата на органите и телата на Факултетот и управувањето на установата, Наставно - научниот совет, Деканатска управа),

- учество во работата на комисиите и работните тела формирани од Деканот, Наставно - научен колегиум, Совет на студиска програма на трет циклус на студии и слично);
- учество во работа на институтите/ одделот, катедрите и лабораториите;
- други активности поврзани со наставно - образовниот процес.

**Член 13**

Одржаниот час вежби на студиските програми од првиот циклус на студии се пресметува во соодност 1,5 часа вежби е еднакво на 1 час предавања.

**Член 14**

Наставно - научниот совет на почетокот на секоја учебна година или семестар, утврдува преглед на ангажираност на наставниците и соработниците и други работни задачи.

**Ненаставен кадар**

**Член 15**

Работното време на работниците од редот на стручен и административен кадар се остварува во петдневна работна недела. По исклучок, распоредот на работното време за работниците од редот на помошно - технички персонал може да се уреди со одлука на Деканот и договорот за вработување.

**Дел од плата за работен стаж**

**Член 16**

Основната бруто плата на вработените се зголемува за 0,5%, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА**

**Дел од плата за работна успешност**

**Член 17**

Делот од плата по основ за работна успешност во текот на месецот може да се зголеми најмногу до 30% од основната плата, земајќи го во предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршење на работата за која работникот го склучил договорот за вработување. Исплатата се врши со решение на деканот врз основа на одлука на Деканатската управа, по предлог на продеканот за настава кој води евиденција за ангажираноста на наставникот и соработникот, односно секретарот на Факултетот, кој ја следи работната успешност на вработените на Стручната и административна служба и помошно - техничките лица. Висината на средствата за делот од платата за работна успешност, во зависност од расположливите средства, се исплатува од сопствените приходи на Факултетот.

**Додатоци и надоместоци на плата**

**а) Функционален додаток на плата**

**Член 18**

За извршување на раководни функции се утврдува функционален месечен додаток на плата.

Функционалниот додаток на плата се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот, доколку ги има и тој се изразува во бодови:

- за декан 1000 бодови;
- за продекан 500 бодови;
- за раководител на оддел 200 бодови.

Функционалниот додаток на плата се исплатува месечно од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување. Вредноста на бодот е еднаква на висината на бодот за исплата на плата и во зависност од изворот на финансирање и расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

**б) Други додатоци и надоместоци на плата**

**Член 19**

Вработените имаат право на додатоци на основната плата за прекувремена работа, работа ноќе, работа во денови на празници, работа во ден на неделен одмор, неработни денови во согласност со законот и Колективниот договор. Средствата за додатоците опишани од став 1 од овој член се исплаќаат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

**Член 20**

Вработените лица испратени со потпишан патен налог од страна на деканот или продеканите за службено патување имаат право на надоместок за службено патување, во согласност со законот и Колективниот договор.

**Други надоместоци и примања**

**Член 21**

Вработените лица имаат право на надо-местоци, на трошоци во согласност со законските прописи и Колективниот договор и тоа за:

- надомест за одвоен живот од семејството;
- надомест во случај на смрт на вработеното лице или смрт на член на потесното се-мејство на вработеното лице и за непреки-нато боледување подолго од 6 месеци;
- надомест во случај на потешки последици од елементарни непогоди;
- надомест за остварување на правото на отпремнина за заминување во пензија.

Исплатата на овие надоместоци наведени во став 1, алинеја 1 и алинеја 3, се врши доколку

Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи, врз основа на претходно донесена одлука на Деканатската управа на Факултетот. Исплатата на надоместоците наведени во алинеја 2 и алинеја 4 се врши од Буџетот на Министерството за образование и наука.

**Член 22**

Вработените лица на Факултетот имаат право на надомест за јубилејни награди во согласност со закон и со Колективниот договор, врз претходно донесена одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Исплатата на јубилејна награда се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи.

**Член 23**

Вработените лица имаат право на надомест за годишен одмор (регрес) во висина најмногу до 60% од просечната месечна бруто плата по работник во државата која важи на денот на донесување на одлуката за исплата. Исплатата на регресот се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи, врз основа на претходно донесена одлука на Деканатската управа.

**НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА**

**Член 24**

Вработените имаат право на надоместоци од плата и надомест на трошоци поврзани со работата во согласност со основите и критериумите утврдени со закон и Колективен договор.

**Надоместоци за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовни работни обврски во наставата**

**Наставен кадар**

**Член 25**

На наставниците и соработниците им се исплатува надомест за вршење на работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работи и задачи и тоа за:

1. за час настава неделно над нормираниот обем на часови утврден во член 12 на оваа Одлука;
2. извршување работи за реализација на втор циклус на студии;
3. извршување работи за реализација на трет циклус на студии;
4. реализација на применувачка, односно апликативна високо стручна дејност;
5. учество во рецензентски комисии;
6. учество во работа на комисии, работни и стручни тела, работни групи и слично;
7. извршување работи на научно - истражувачки проекти;
8. издавачка дејност;
9. администрирање на I know системот, I learn системот, веб страницата, веб сервер и мејл сервер на Факултетот;
10. изведување комисиски испити за проверка на знаењето:
11. изведување настава на други факултети и научни институти на Универзитетот;
12. изведување настава на други универзитети во земјата и во странство;
13. изведување на настава на Факултетот од други лица ангажирани во согласност со актите на Универзитетот и Факултетот.

**1. За час настава неделно над нормираниот обем на часови утврден во член 12 на оваа Одлука**

**Член 26**
**членот е избришан**

**2. Извршување работи за реализација на втор циклус на студии**

**Член 27**

Од приходите што Факултетот ги остварува по основ на вршење реализација на студии од втор циклус по одбивањето на законските давачки, 20% се издвојува за Факултетот, 5% за Универзитетот, а остатокот на средствата со одлука на Деканатската управа се распределува на следниов начин:

За реализација на студии од втор циклус, се исплаќа надомест за:

- настава: 3 бода по менторски час:
- ментор на магистерски труд: 1986 бода;
- член на комисија за оцена на магистерски труд: 100 бода;
- член на комисија за одбрана на магистерски труд: 100 бода.
- Раководител на Наставно - научен колегиум: 100 бода
- Стручна административна служба: 100 бода

Продеканот за настава е одговорен и води евиденција за лицата, видот и обемот на извршената работа и подготвува извештај.

Секретарот на факултетот поднесува извештај до Деканатската управа за учеството на Стручно административана служба.

Исплатата за настава се врши на крајот на секој семестар врз основа на поднесениот извештај за извршените работи и донесена одлука на Деканатската управа.

Исплатата се врши со решение на деканот.

Вредноста на бодот за исплата на надоместоците ја определува Деканатската управа во зависност од расположливите финансиски средства на Факултетот.

**3. Извршување работи за реализација на трет циклус на студии**

**Член 28**

За реализација на третиот циклус на студии надоместоците се исплаќаат во согласност со Правилникот за кофинансирање на трошоците за студирање на третиот циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Секретарот на факултетот поднесува извештај до Деканатската управа за учеството на вработените од Стручно административаната служба.

**4. Реализација на применувачка односно апликативна високо стручна дејност**

**Член 29**

За учество во реализација на применувачка, односно апликативна високо стручна дејност се исплаќаат надоместоци во рамките на остварените приходи од овие активности.

Од приходите што Факултетот ги остварува по основ на вршење применувачка, односно високостручна апликативна дејност, 20% се издвојува за Факултетот, 5 % за Универзитетот, 1,5 % за лицата вклучени од Стручно-административната служба, а остатокот на средствата, со одлука на Деканатската управа се распределува во согласност со склучениот договор за соработка, по предлог на раководителот на проектот.

Секретарот на факултетот поднесува извештај до Деканатската управа за учеството на вработените од Стручно административана служба.

Распределбата на средствата што се остварени по овој основ, се врши со одлука на Деканатската управа, а во согласност со финансискиот план.

Одлука за учество на лицата во извршувањето на работите од став 2 донесува деканот, по предлог на раководителот.

**Член 30**

Од приходот што го остварува од дејноста на Лабораторијата за тестирање на мебел во тековната година, 40% се издвојува на Факултетот, 5% на Универзитетот, 30% од средствата се користи за одржување и осовременување на Лабораторијата и 25% за надомест на вршителите на работите, во согласност со нивното учество и вложениот ангажман, и тоа за:

а) Експертско мислење од поставувачот на методата: 10% од издадена фактура;

б) Техничко мислење од стручните лица кои ја спроведуваат методата:
- раководител на лабораторијата, 3,5% од издадена фактура
- технички раководител на лабораторијата, 3,5 % од издадена фактура
- виши лаборанти, 1,5% (по лице) од издадена фактура

в) Стручна административна служба, 3,5% од издадена фактура.

Исплатата за техничко и експертско мислење се врши врз основа на поднесениот квартален извештај од раководителот на лабораторијата за извршените тестирања, одлука на Деканатската управа и врз основа на решение кое го потпишува Деканот.

Секретарот на факултетот поднесува квартален извештај до Деканатската управа на Факултетот за учеството на вработените од Стручно административна служба.

Исплатата на надоместокот за техничко мислење се исплаќа над нормиран обем од извршени 30 тестирања, а не повеќе од 300 тестирања.

Исплатата се врши со решение на деканот.

**5. Учество во рецензентски комисии**

**Член 31**

За учество во рецензентска комисија за избор во звање се исплаќа надомест во висина од 250 бода.

Исплатата за учество во рецензентската комисија за избор се врши врз основа на поднесениот извештај за извршените работи, со решение на Деканот.

Вредноста на бодот ја определува Деканатската управа во зависност од располож-ливите финансиски средства на Факултетот.

**6. Учество во работата на комисии, работни групи и тела**

**Член 32**

На членови на комисии, работни групи и тела формирани од орган на Факултетот или деканот, за изготвување на стручно - аналитички работи, стручни работи и други активности, кои не се предвидени како редовни работни активности им се исплаќа надоместок во зависност од обемот и сложеноста на работните задачи.

Членови на комисија, работна група или тело можат да бидат наставно - научните и соработнички кадри и лица од Централната стручна и административна служба – Ректоратот, самостојни лица од Стручната и административна служба на Факултетот и надворешни лица. Обемот и степенот на сложеност се утврдува од органот кој

ја формирал комисијата, работната група, тело и слично, при нивното формирање.

На член на комисија, работна група и тело во зависност од обемот и степенот на сложеност се исплаќа надомест во висина од:

- за стручно-аналитички работи (студиски програми, самоевалуација, еквиваленција, проекти, стратегии, програми, нормативни акти и подготовка на проектна документација за учество на конкурси кон надворешни институции за доделување средства за научно - истражувачка и апликативна опрема за лаборатории): од 100 до 600 бода;
- за стручни работи (анализи, информативни материјали, монографии, извештаи, акредитација на лабораторија, финансиски анализи за лабораторија, преиспитување на работа на лабораторија од страна на раководството на лабораторија, интерна проверка на работата на лабораторијата, меѓулабораториска споредба на тестирање на производ и ажурирање на системот на акредитација на лабораторија): од 50 до 600 бода;
- за други активности (организациони, уписи, манифестации, курсеви и помошни активности, компјутерска и друга обработка на материјали) од 50 до 400 бода.

Зависно од природата на активностите во комисијата, работната група или телото, по завршувањето на работата, претседателот/лицето поднесува извештај/ записник со преглед на активностите и работната ангажираност на одделните членови. Извештајот го одобрува Деканатската управа.

Одлуки за учество на лицата во извршување на работите од став 1 на овој член донесува Деканатската управа, Наставно - научниот совет и деканот.

Одлука за висината на надоместокот носи Деканатската управа. Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа. Исплатата се врши со решение на деканот.

**Член 33**

За извршување на раководни функции се утврдува месечен надоместок во текот на годината и тоа на:

- раководител на компјутерски центар 150 бода
- раководител на центар за кариера 150 бода
- раководител на центар за истражување и развој на дрвната индустрија 150 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа. Исплатата се врши со решение на деканот.

**7. Извршување работи на научноистражувачки проекти**

**Член 34**

Надоместоците за вршење работа на научно - истражувачките проекти се исплаќаат со одлука на деканот, по предлог на раководителот на проектот и во согласност со финансискиот план на проектот.

Одлука за учество на лицата во извршувањето на работите од став 1 на овој член донесува деканот по предлог на раководителот на проектот.

**8. Издавачка дејност**

**Член 35**

За учество во рецензентска комисија и уредник на издание, се исплаќа надомест:

- рецензент на учебник: 500 бода;
- рецензент на учебно помагало: 350 бода
- главен и одговорен уредник на научно списание на факултетот: 500 бода
- технички уредник на научно списание на факултет: 250 бода
- рецензент на научен труд во научно списание кое го издава факултет: 100 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположивите финансиски средства, се определува со одлука од страна на Деканатската управа. Исплатата се врши со решение на деканот.

**9. Администрирање на I know и I learn системот, веб страницата и мејл сервер на Факултетот**

**Член 36**

Надоместокот за администрирање на I know и I learn системот, веб страницата и мејл сервер на Факултетот се исплаќа на месечно ниво и тоа за:

- администрирање на I know и I learn системот: 500 бода
- администрирање на веб страница и мејл сервер: 500 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, се определува со одлука од страна на Деканатската управа. Исплатата се врши со решение на деканот.

**10. Изведување комисиски испити за проверка на знаењето**

**Член 37**

За изведување комисиски испити за проверка на знаењето се исплаќа надоместок на претседателот и членовите на комисијата во

висина од 50 бода по наставник за секој испитан кандидат.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, се определува со одлука од страна на Деканатската управа. Исплатата се врши со решение на деканот.

**11. Изведување настава на други факултети и научни институти на Универзитетот**

**Член 38**

Изведувањето настава на други факултети и институти во состав на Универзитетот се регулира врз основа на договор склучен помеѓу Факултетот и единицата на Универзитетот и одлуката за начинот на утврдување на цената на наставно - образовната дејност што се изведува на нематичните факултети и институти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

За изведување настава на други факултети и научни институти на Универзитетот, надоместоците им се исплаќаат на лицата според обемот на реализираната настава, односно 80% од вкупниот приход од активноста.

**12. Изведување настава на други универзитети во земјата и во странство**

**Член 39**

За изведување предавања и вежби на други универзитети во земјата и во странство, а по претходна добиена одлука од страна на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултетот склучува договор со високообразовната институција, во кој, меѓу другото, се уредува и надоместокот за реализација.

**13. Изведување на настава на Факултетот од други лица ангажирани согласно со актите на Универзитетот и Факултетот.**

**Член 40**

На наставник и соработник на кој му мирува работниот однос поради извршување јавни функции за кои прима плата, и е ангажиран на втор и трет циклус на студии или е ментор, како и на пензиониран редовен професор за настава на трет циклус на студии (докторски студии), им се исплаќа надомест за учество во наставата.

Надоместоците од став 1 на овој член се исплатуваат од сопствените средства на факултетот врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците во изведувањето на наставата, одобрен од раководителот на Наставно научниот колегиум за втор циклус студии или раководителот на советот на докторски студии на факултетот.

Одлука за исплата на надоместоците донесува Деканатската управа доколку има обезбедено сопствени средства. Исплатата се врши со решение на деканот.

**Член 41**

На лицата ангажирани како демонстратори, по одлука за избор од Наставно - научниот совет, може да им се исплатува надомест определен со посебна одлука од страна на Деканатската управа.

- 150 бода, за 1 час неделно.

Со лицата од претходниот став, деканот склучува договор. Вредноста на бодот ја определува Деканатската управа.

**Член 42**

На лицата од странство ангажирани како визитинг - наставници, по предлог - одлука на Наставно-научниот совет, за која одлука дава Ректорската управа/Сенатот, за извршување високообразовна дејност за одредено време, им се исплатува надомест определен со посебна одлука од страна на Деканатската управа.

Со лицата од претходниот став, деканот склучува договор.

**Член 43**

Исплатата на надоместоците се врши откако од вкупно остварените приходи ќе се исполнат обврските утврдени со закон, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот.

**V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 44**

За се што не е предвидено со оваа Одлука се применуваат одредбите од Законот за работните односи, Колективниот договор, други прописи и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” кои ја регулираат оваа материја.

**Член 45**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на плати и друг вид надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Универзитетски гласник бр. 629/2022).

**Член 46**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник, а ќе се применува од 01.01.2024 година, односно со отпочнување на примената на Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/2022).

**Д е к а н**
**Проф. д-р Ѓорги Груевски, с.р.**